FOUNDATION ОТВОРЕНО OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Проектот е финансиран од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Објавените информации и ставови не ги претставуваат официјалните ставови на Фондацијата Отворено општество – Македонија

Трет мониторинг извештај

# „РЕФОРМИ ВО СУДСТВОТО – јануари-март 2018 г.“

*Проект: „Заедничка акција за итни реформи во судството“*

Третиот мониторинг-извештај е продолжение на првиот извештај „Реформи во судството – од Прибе 1 до Прибе 2 и потоа“, и на Вториот извештај „Реформи во судството-октомври-декември 2017 г.), а се однесува на првиот квартал од 2018 година. И овој извештај е заснован на истите документи кои ги утврдуваат ИТНИТЕ РЕФОРМСКИ ПРИОРИТЕТИ (ИРП) и е изработен, воглавно, следејќи ја Методологијата со мониторинг матрицата, изготвена во рамки на овој проект.

**1. Деполитизација на изборот и унапредувањето на судиите и јавните обвинители во практиката, а не само во теоријата, врз основа на транспарентни, објективни и критериуми засновани на заслуги;**

**2. Примена на хармонизиран систем на учинок, заснован на квантитативни, но и на квалитативни стандаnрди, како основа за кариерен напредок во судството и во јавното обвинителство;**

| Надлежен орган | јануари-март 2018 г. |
|---|---|
| Судски совет на РМ | • на седницата, одржана на 14.3.2018 г., ССРМ, согласно со дневниот ред, требаше да избере претседател на Апелацискиот суд Скопје и на Основниот суд Дебар. Меѓутоа, откако имаше дебата на седницата и беа изнесени различни ставови на членовите на ССРМ, беше донесена Одлука за формирање Комисија за спроведување вонредно оценување на работата на кандидатите за претседатели на Апелацискиот суд Скопје и Основен суд Дебар, кандидатите за судии на Врховен суд на Република Македонија и Апелацискиот суд Скопје за 2017 година и Одлука за формирање Комисија за повторно оценување по изјавени жалби на решенија за вонредно оценување на работата на кандидатите за претседатели на Апелацискиот суд Скопје и Основен суд Дебар и кандидатите за судии на Врховен суд на Република Македонија и Апелацискиот суд Скопје за 2017 година. Аргументите на членовите на ССРМ, за вонредно оценување на работата на кандидатите за судии и претседатели на судови, се засноваа на неправилностите што се утврдени во распределбата на предметите во(н) АКМИС-от. Исто така, донесена е Одлука со која Лидија Димчевска, судија на Апелацискиот суд Скопје, е определена за Вршител на должноста (ВД) претседател на Апелацискиот суд Скопје.<br>• На истата седница ССРМ донесе Одлука за утврдување на ориентациониот број на предмети што судијата треба да ги реши месечно во основните, апелациските, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија во 2018 година, но од содржината на Одлуката не може да се утврди врз основа на кој акт и која методологија ССРМ ја донел истата, иако тоа е негова законска обврска. |
| Совет на јавни обвинители на РМ | • на седницата одржана на 31.1.2018 г. беа избрани 7 обвинители во Основното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција. На седница, во својство на јавност, присуствуваа по еден претставник на ОБСЕ и Институтот за човекови права. Прустни членови од Советот на јавни обвинители беа сите 8 члена, кои во тој момент беа на таа функција, иако, согласно со Законот, Советот го сочинуваат 11 члена. (Собранието на РМ повеќе од 6 месеци не избра двајца членови на Советот, а во меѓувреме и членот Љубомир Јовевски беше именуван за Јавен обвинител на РМ, па неговото претходно место исто така не беше пополнето). За секој од кандидатите кои беа пријавени за јавни обвинители имаше дискусија и образложение речиси од сите членови на Советот поединечно, а на крајот, по азбучен ред, секој од членовите јавно го даваше својот глас и тоа „ЗА или „ПРОТИВ“ одреден кандидат да биде избран за Јавен обвинител. Критериумите за избор на јавни обвинители, за разлика од оние за судиите, не се пресметуваат во бодови. Пред дискусијата за кандидатот Марија Ѓорѓева претседателот на Советот ги извести членовите дека му е подалечна роднина, по сватовство, |

Институт за човекови права

Македонско здружение на млади правници

Институт за европска политика. Скопје

| Совет на јавни обвинители на РМ | и поради тоа тој нема да се впушти во дискусија, ќе гласа воздржано, а ќе биде присутен само за да обезбеди кворум на седницата (8 од 11 члена на Советот законски мора да се присутни при изборот на јавни обвинители). Секој од другите членови на Советот се произнесе за овој кандидат и гласањето исто така беше поединечно и јавно, при што претседателот гласаше воздржано. При дискусијата за кандидатот Лидија Раичевиќ сите членови на Советот земаа збор и образложија зошто, според секој од нив поединечно, не треба да биде избран овој кандидат за јавен обвинител во ОЈОКК, освен членот на Советот Фиданка Рајевска, која не се јави за збор и гласаше воздржано. За забележување е тоа што и покрај дискусијата за секој кандидат, која се одвиваше хронолошки, гласањето за четири кандидати беше одложено за крајот на седницата, при што, Советот дискутираше околу 5 минути без присуство на претставниците на јавноста и веднаш потоа, во нивно присуство, избра двајца од тие четири кандидати.<br>● во извештајниов период, само еден ден претходно, на веб страната на Советот на јавни обвинители беа објавувани соопштенија за одржување седница на Советот и тоа не за сите седници (на пример, до сега не е објавено соопштение за одржување седница на која би се расправало за претставките поднесени од граѓани и правни лица). |
|---|---|

## 3. Да се отстранат елементите од системот за дисциплинска одговорност и за разрешување на судиите кои во моментов ја поткопуваат судската независност, и во теорија и во практика;

| Надлежен орган | **јануари-март 2018 г.** |
|---|---|
| Судски совет на РМ | ● Пред да биде укинат Советот за утврдување факти, на 18.1.2018 г., овој орган, до Судскиот совет, поднесе барања за поведување постапка за утврдување одговорност на судии, така што во извештајниов период Судскиот совет постапува во 6 постапки против вкупно 14 судии (иако на прес-конференцијата од 4.1.2018 г. претседателот на Судскиот совет изнесе свои ставови дека ССРМ не може да постапува по овие барања). Овие постапки, согласно со Законот, се затворени за јавноста (иако Венецијанската комисија препорачува, во подоцнежна фаза, тие да бидат јавни).<br>● За еден судија, за кој од Судскиот совет беше донесена одлука за разрешување, постапката е сè уште во тек и тоа во втор степен на одлучување пред Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на РМ.<br>● На седницата од 28.3.2018 г. ССРМ, согласно со законските измени, за прв пат расправаше и одлучуваше за претставки од граѓаните и правните лица, при што разгледа вкупно 108 претставки, а само една претставка ја усвои како основана и една како делумно основана. Од ССРМ ни одговорија дека, по разгледувањето на претставките, до судијата упатуваат укажувања, а во случаите на потешки повреди и постоење сомнение за нестручно и несовесно вршење на судиската функција, поведуваат постапка за одговорност на судијата. Од мониторингот на седницата може да се заклучи дека малиот процент усвоени претставки се должи на неколу различни причини. |
| Министерство за правда, Влада на РМ, Собрание на РМ | ● по одредено време на одложување, на седницата на Владата на РМ одржана на 6.3.2018 г, беше формиран Совет за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, 2017-2022 г. составен воглавно од правни практичари, а еден претставник е и од Блупринт групата на граѓански организации кои делуваат во областа на правосудството. Конституивната седница на Советот се одржа на 28.3.2018г., а наскоро потоа беше усвоен и Деловник за работа. Со Советот претседава премиерот на РМ.<br>● На 18.1.2018 г., на ЕНЕР системот, беа објавени три предлог-закони и тоа: на Законот за измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на РМ, на Законот за судовите и на Законот за Академијата на судии и јавни обвинители. Во рокот за доставување јавни коментари, кој траеше 20 дена, на ЕНЕР, само два здружени коментари беа доставени од граѓанските организации и тоа еден за измените на Законот за судовите (5 организации) и еден за измените на другите два наведени закони (две организации). Исто така, доставен беше само еден коментар од физичко лице преку ЕНЕР, а од Здружението на судии коментарот бил доставен до Министерството за правда. Овие предлог-закони, поради усогласувањата и со опозицијата, во постапка пред Собранието на РМ беа доставени со задоцнување (прво читање на измените на Законот за Судскиот совет и на Законот за судовите беше закажано за 2.4.2018 г., а согласно со планот на Владата на РМ 3-6-9, овие закони требаше да бидат усвоени од Собранието на РМ до 31.3.2018 г.<br>● На 23.3.2018 г. се одржа јавна расправа во Собранието на РМ за измените и дополнувањата на Законот за бесплатна правна помош, при што, по 34 забелешки од граѓанските организации и една забелешка од Адвокатската комора на РМ, овој предлог-закон беше вратен на доработка во Министерството за правда. |

## 4. Обезбедување професионализам на Судскиот совет во практика, а не само во теорија (т.е. јасен и предвидлив тест за примена на критериумот „истакнат правник“)

| Надлежен орган | јануари-март 2018 |
| --- | --- |
| Судски совет на РМ | ● во извештајниов период немаше избор на членови на ССРМ, ниту од редот на истакнати правници, ниту од редот на судиите;<br>● во извештаите на Прибе оспорена е професионалноста на членовите на ССРМ, меѓу другото и поради непреземањето соодветни дејствија за испитување можни злоупотреби на функционирањето на системот за случајна распределба на предмети (АКМИС) и надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник. По препораката на Прибе беше спроведена независна ревизија на АКМИС со цел да се утврди дали и од кого овој систем бил злоупотребен, при што, групата што ја спроведе ревизијата ги достави податоците од извештајот, меѓу другите органи, и до Судскиот совет пред кого целиот процес трае неколку месеци без конкретни видливи резултати. |
| Совет на јавни обвинители | ● -во овој период Собранието на РМ избра 2 члена на Советот на јавни обвинители од редот на адвокатите, при што за членот Ангел Солев биографијата беше образложена, а за членот Ангеле Илиевски биографијата беше прилично скудна со податоци. Третиот избран член на Советот во овој период е избран од јавните обвинители. И покрај копмлетирањето на членството на Советот на јавни обвинители може да се забележи дека неговата стручна служба е непотполна и недостасуваат голем број нслужбеници, за разлика од Судскиот совет, кој има пофункционална стручна служба.<br>● и пред Советот на јавни обвинители, кому му беше доставен извештајот од независната ревизија на АКМИС-от, целиот процес трае неколку месеци, без конкретни видливи резултати. |

## 5. Обезбедување проактивна улога на Судскиот совет и на највисоките судови во заштитата на независноста и во заштитата од влијанија (како преку подобрена комуникациска стратегија, така и преку одлучувачки акции за реагирање на влијанија или притисок).

| Надлежен орган | јануари-март 2018 г. |
| --- | --- |
| Судски совет на РМ | ● во извештајниов период продолжи практиката од последниве неколку месеци така што на веб страната на ССРМ, покрај соопштенија за закажување седници и известувањата за одржаните седници, се објавуваат и соопштенија за работни посети и други активности од нивна надлежност. Соопштенијата за заклучоците од одржаните седници редовно се ажурирани на интернет-страната уште истиот ден. Сепак, соопштенијата не содржат детални информации за седницата, туку само се наведени точките на дневен ред по кои е гласано.<br>● Претседателот на ССРМ редовно даваше изјави за медиуми, а особено по одржувањето на секоја седница, а на прес конференцијата за медиуми, која беше одржана на 4.1.2018 г. изнесе ставови за работата на другите органи, за кои подоцна беше соопштено дека се негови ставови, а не ставови на Судскиот совет на РМ.<br>● И во овој период Судскиот совет не се произнесе по телефонските разговори кои се однесуваа на поткопување на независноста на судството и покрај тоа што тие се прифатени како доказ во судските постапки. |

## 6. Да се унапреди квалитетот на обуката, буџетот и автономијата на Академијата за судии и јавни обвинители (и да се поттикне испраќањето на национални судии на стаж во ЕСЧП)

| Надлежен орган | јануари 2017 – март 2017 г. |
| --- | --- |
| Академија за судии и јавни обвинители (АСЈО) | ● Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2022 г. се предвидува анализа за креирање нова програма за посебна почетна обука за искусни долгодишни практичари, како и за континуираните обуки преку редефинирање на програмите и методите за изведување на обуките.[i] Во Стратегијата е предвидено и воведување нови законски критериуми за состав на органите на управување и раководење на АСЈО, како и кадровско, техничко доекипирање и обезбедување соодветни просторни услови.[ii] Нови законски критериуми за состав на органите на управување и раководење на Академијата за судии и јавни обвинители, заради отстранување на формалните критериуми, кои претставуваат пречка за ефикасно функционирање на Академијата за судии и јавни обвинители[iii], беа предвидени со предложените законски измени на Законот за академија за судии и јавни обвинители, кои беа објавени во јануари 2018 г. на ЕНЕР. Со предложените нацрт-измени се укинува полагањето на психолошкиот тест и тестот на интегритет, познавањето англиски јазик за членовите на УО, програмскиот совет и предавачите,а се укинува и полагањето на испитот за директор-предвиден да го полагаат директорот, членовите на Управниот одбор и членовите на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители. Соглано со Акцискиот план овие измени требаше да бидат изгласани во Собранието на РМ во јануари 2018 година.[iv] Со цел усогласување на Нацрт измените на Законот за Академија за судии и јавни обвинители со предложените измени во нацрт-текстот на Законот за судови, беше предложено тестот за познавање странски јазик да биде во склоп на полагањето на приемниот испит во АСЈО.[v] Потребни се дополнителни измени на Законот за Академија за судии и јавни обвинители, пред сè во однос на критериумите за прием на слушатели за почетна обука, како и електронското полагање на практичните делови од испитите. Во однос на кадровското и техничкото доекипирање и обезбедување соодветни просторни услови на АСЈО, во Акцискиот план е предвидено издвојување средства од буџетот на РМ. Согласно со планот ваквите активности треба да бидат завршени заклучно со 2022 година.[vi]<br><br>● АСЈО започна со спроведување Пилот-проект за пост-тренинг евалуација за пишување пресуди и обвиненија, за судии и јавни обвинители кои имаат три години стаж.[vii] АСЈО континуирано работи на унапредувањето на квалитетот на обуките и воведувањето на потребните теми за обука, на база на спроведените евалуации на обуките и доставените предлог- теми од Судскиот совет и Советот на јавни обвинители. Академијата ги следи потребите за организирање на обуките утврдени со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор. Во текот на извештајниов период АСЈО имаше организирано повеќе обуки и советувања за примена на практиката на ЕСЧП, обуки наменети за зајакнување на независноста на судството, како и советување за комуникација на судовите и јавните обвинителства со јавноста.<br><br>● Во тек на спроведувањето на теоретскиот дел од почетната обука, во два наврати, во јули 2017[viii] и јануари 2018 година,[ix] беа направени измени на Правилникот за почетна обука околу тестот за проверка на знаењата и оценувањето на писмените и домашните работи. Овие измени го олеснуваат начинот на полагање на тестот преку објавување база на прашања и практични студии за подготовка на тестот на интернет страницата на АСЈО, најдоцна 60 дена пред полагањето. Прашањата и студиите на случај се објавени на веб страната на АСЈО. Беа објавени и студии на случај со понудени прашања. Дополнително олеснување за полагањето на тестот се и понудените одговори, предвидени со правилникот, кои, за разлика од претходното решение, се предвидува да имаат еден точен и два неточни одговори. Промени се направени и во начинот на бодување, така што негативните поени се избришани, и сега, за погрешно одговорено прашање не се добиваат негативни поени. Слушателите на почетна обука, на 9 февруари, го полагаа тестот за проверка на знаењата по завршувањето на теоретскиот дел од наставата. Разликата помеѓу прво рангираниот и последниот слушател, во однос на вкупните резултати од теоретската настава, е 4.66 поени.[x] Слушателите на почетна обука започнаа со практичниот дел од наставата од февруари.<br><br>● Во рамки на овој проект и во соработка со АСЈО беше спроведена анкета наменета за слушателите на почетна обука, континуирана обука и предавачите на АСЈО.[xi]<br><br>Најголем број од слушателите сметаат дека времетраеењето на почетната обука е долго (47.4%), а 42.1% сметаат дека времето е соодветно, додека само 5% сметаат дека времетраењето на теоретскиот дел е долго, а на практичниот дел е кратко.<br><br>Најголем дел од испитаниците сметаат дека времетраеењето на практичната настава е доволно за стекнување практични вештини за работа како судија, односно како јавен обвинител.<br><br>Најголем дел од испитаниците сметаат дека целосно се следи програмата за теоретска настава (52.6%). |

Најголем дел од слушателите на почетна обука сметаат дека теоретската настава делумно и во голема мера ги исполнила нивните очекувања (77%), а 11% од нив сметаат дека теоретската настава не ги исполнила нивните очекувања, додека исто толку учесници сметаат дека целосно се исполнети нивните очекувања во однос на теоретската настава.

Најголем дел од испитаниците се делумно задоволни од квалитетот на предавањата (63.2%), а целосно и во голема мера се задоволни 22%. Исто така најголем дел од испитаниците се делумно задоволни и од квалитетот на предавачите. Неколку од испитаниците[xii] дадоа и препораки за подобрување на квалитетот на обуките, како и препораки за промена на предавањата или предметите од теоретската настава. Половина од испитаниците сметаат дека треба да има промена во начинот на полагање на испитите во АСЈО.

Најголем дел од учесниците на континуираните обуки[xiii] се запознаени со Програмата за континуирана обука (92%), а 65% од испитаниците биле консултирани при изработката на Општата програма за континуирана обука. Најголем број од испитаниците сметаат дека делумно се следи програмата за континуирана обука со тоа што се воведуваат дополнителни обуки.

Најголем број од учесниците сметаат дека целосно и во голема мера се следат законските измени при реализација на обуките. Дури 91% од испитаниците се целосно и во голема мера задоволни од квалитетот на предавачите, а 89% се целосно и во голема мера задоволни од квалитетот на предавањата.

Најголем дел од одговорите упатуваат на тоа дека обуките за етика, интегритет, комуникациски вештини или други теми за стекнување вештини и практики во работењето се потребни.

Дури 54% од испитаниците учествувале на обуки за практиката на Европскиот суд за човекови права и начелата на ЕКЧП, додека 44% од испитаниците посетувале обуки поврзани со правото на ЕУ.

Најголем дел од испитаниците немаат познавања за Поглавјата 23 и 24, како најрелевантни за правосудството и претпристапните преговори со Европската унија. Само двајца од сите испитаници го употребуваат системот за електронско учење (учење на далечина).

Од анкетата спроведена со предавачите на АСЈО произлегува дека учесниците се активни на нивните предавања. Само двајца од вкупно 28 испитаници имаат учествувано на седниците на Програмскиот совет на АСЈО. Најголем дел од испитаниците сметаат дека целосно се следат програмите за континуирана обука, теоретска и практична настава, односно делумно за дополнителните обуки. Дури 74% од испитаниците се задоволни од обуките кои ги организира АСЈО, а се наменети за предавачите, а 22% се делумно задоволни. Дел од предавачите сметаат дека треба да има промени кај законските услови за избор на предавачи. Најголемиот дел од коментарите се однесуваат на исфрлање на критериумот за познавање странски јазик, како и земање предвид на работниот стаж на предавачите и специјализацијата во соодветната област. Најголем дел од испитаниците ја оценуваат како одлична соработката со Академијата.

- Владата на РМ, на 57 Седница, донесе заклучок во врска со информацијата за можноста за стаж на национални судии/правници во Европскиот суд за човекови права.[xiv] Со заклучокот Владата ја констатираше потребата од обезбедување средства за испраќање судии на стаж во ЕСЧП.
- АСЈО генерално транспарентно работи на објавувањето на најзначајните информации на интернет страницата, но епак, Годишниот извештај за работата на Академијата за 2017 година не е објавен на веб страната.
- Соработката со невладините организации на АСЈО продолжува и во периодот од јануари до март 2018 година. Навладините организации се вклучени во предавањата на АСЈО, во организирање обуки, како и во давање свои мислења за вклучување предлог-теми во општата програма за континуирана обука. АСЈО, исто така, соработува со партнерските организации за спроведување на овој проект, а особен придонес има и при спроведувањето на анкетата.

## 7. Да се обезбеди објавување на сите судски пресуди, во јасни рокови, определени со закон (и да се обезбедат целосни можности за пребарување и олеснет пристап);

| Надлежен орган | јануари 2017 – март 2017 г. |
|---|---|
| Судови на РМ/ Врховен суд како надлежен за порталот www.sud.mk | ● Во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор се наведува дека со ставањето во функција на централизираниот портал www.sud.mk, започна да се надминува практиката за необјавување на пресудите. Иако порталот е во функција, многу линкови не се доработени и со нивно кликање се доаѓа до полињата кои дополнително треба да се пополнат, со што не е исполнета стратешката насока за целосна функционалност на судската база. Судскиот портал има листа на информации од јавен карактер за секој суд, како и за надлежните портпароли и контакти за информации за јавноста.<br>● Сите судски одлуки треба да се објавуваат на судскиот портал, меѓутоа се поставува дилема колку од нив се објавуваат, односно колку редовно се врши тоа. Според податоците од јануари – март 2018 година, Управниот суд има најголем број објавени одлуки, односно 1504 одлуки. Основниот суд Неготино, во споредба со минатиот период кога немаше објавено ниту една одлука, во периодот јануари –март 2018 година, има објавено 34 одлуки. Во споредба со минатиот период, Основен суд Скопје I и Основен суд Скопје II имаат објавено повеќе одлуки,[xv] меѓутоа бројот е мал, со оглед на тоа дека станува збор за два најголеми судови во државава кои имаат најголем број предмети во работа.[xvi]<br>● Повеќе соопштенија за јавноста објавуваат Основните судови Скопје I и Скопје II, Вишиот управен суд и Врховниот суд, што укажува на транспарентно работење на овие судови. Во извештајниов период известување до јавноста имаат и Основните судови во Кратово, Битола, Ресен, Струга, Делчево, Виница, Гостивар, Кичево, Дебар и Охрид, како и Апелациските судови Битола, Скопје и Штип.<br>● Она што е карактеристично е дека различни судови даваат различни информации во соопштенијата до јавноста.<br>● Во насока на унапредувањето на транспарентноста и ефикасноста на судовите, Владата на РМ, на одржаната 55 Седница ја разгледа информацијата за предлог-стратегијата за информатичко-комуникациската технологија во правосудството.[xvii] Со спроведување на ИКТ решенија и системи, во согласност со европските и меѓународните стандарди, целта ќе биде да се зголеми пристапноста, навременоста и лесното користење на правосудните услуги за сите корисници, да се подобри квалитетот на податоците, заштитата и безбедноста, како и соработката со други правосудни системи, институциите на Европската унија, нејзините земји-членки и меѓународните организации.<br>● Во насока на унапредување на транспарентноста на правосудството е и определбата во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за организирање обуки за лицата за односи со јавноста[xiii] во насока на зајакнување на капацитетите за односи со јавноста. Во АСЈО, во текот на март, беше организирано советување на тема „Судовите, јавните обвинителства и комуникацијата – правила на комуникација со медиумите и јавноста/значењето на социјалните мрежи". Советувањето беше наменето за судии и јавни обвинители од сите апелациски подрачја и лица задолжени за односи со јавност во судовите и јавните обвинителства.[xix] |

## 8. Да се изработи досие за вкупната должина на судските постапки, со специјален фокус врз „стари предмети"

Во првиот мониторинг извештај беа опфатени сите основни и апелациски судови во РМ, со информација за бројот на предмети постари од 3, 7 и 10 години. Од добиените податоци, во првиот , во вториот и во третиот мониторинг извештај се задржавме на судовите за кои беше забележано дека имаат најголем број нерешени предмети.
Во табелата што следи е прикажан бројот на нерешени предмети постари од 3, 7 и 10 години за насловните судови. Податоците се заклучно со март 2018 година.

| Суд[xx] | Нерешени предмети од 3 до 7 години | Нерешени предмети од 7 до 10 години | Нерешени предмети над 10 години |
|---|---|---|---|
| Основен суд Скопје 1 Скопје | 3370 | 129 | 45 |
| Основен суд Скопје 2 Скопје | 1615 | 146 | 54 |
| Основен суд Куманово | 767 | 26 | 12 |
| Основен суд Битола | 60 | 10 | 1 |
| Основен суд Гостивар | 938 | 105 | 7 |

Споредено со информациите во вториот мониторинг извештај забележавме дека најголема тенденција на зголемување на бројот на нерешени предмети има за постапки пред Основен суд Скопје 2 Скопје и Скопје 1 Скопје.

**Основен суд Скопје 1 Скопје** има зголемен број нерешени предмети од 3 до 7 години за дополнителни 2620 предмети. Од вкупниот број нерешени предмети од 3 до 7 години, 2343 се прекршочни предмети. Исто така, има зголемен број нерешени предмети од 7 до 10 години, за дополнителни 45 предмети и над 10 години за дополнителни 27 предмети.

**Основен суд Скопје 2 Скопје** има зголемен број нерешени предмети од 3 до 7 години, за дополнителни 766 предмети, зголемен број нерешени предмети од 7 до 10 години за дополнителни 57 предмети и зголемен број нерешени предмети над 10 години за дополнителни 16 предмети.

**Основен суд Гостивар** има зголемен број нерешени предмети над 7 и 10 години, при што најголем број од предметите се за оставинска постапка.

Во табелата што следи е прикажан бројот на поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок и бројот на предмети во кои е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок од страна на Врховниот суд на РМ за периодот од јануари - март 2018 година, за горе наведените судови.

| Суд[xxi] | Број на поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок до Врховен суд на РМ | Број на предмети во кои е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок од страна на Врховниот суд на РМ |
|---|---|---|
| Основен суд Скопје 1 Скопје | 8 | 3 |
| Основен суд Скопје 2 Скопје | 29 | 4 |
| Основен суд Куманово | 7 | 2 |
| Основен суд Битола | 2 | 0 |
| Основен суд Гостивар | 6 | 0 |
| Управен суд на РМ | 48 | 19 |

**Споредено со информациите од првиот и вториот мониторинг извештај, може да се увиди дека континуирано, за постапки пред Управен суд на РМ и Основен суд Скопје 2 Скопје, има најголем број поднесени барања и утврдена повреда за судење во разумен рок од страна на Врховниот суд на РМ.**

**За постапки пред Врховен суд, во периодот на мониторинг, се поднесени 3 барања за судење во разумен рок.**

## 9. Да се обезбеди брзо извршување на сите пресуди на Европскиот суд за човекови права против државата (особено преку воведување практични и ефективни мерки за секоја категорија на случаи)

Извршувањето на одлуките донесени од ЕСЧП е една од обврските на РМ, преземени со ратификацијата на Европската конвенција за човекови права. Покрај обврската за извршување на одлуките од страна на државата, постои и општа обврска на државата за почитување на правата и слободите што произлегуваат од ЕКЧП. Почитувањето и унапредувањето на основните права и слободи на човекот и граѓанинот е една од темелните вредности на секоја држава.

<table>
<tr><th colspan="2">јануари – март 2018 година</th></tr>
<tr><th colspan="2">Донесени се четири пресуди во кои е утврдена повреда на правата загарантирани со ЕКЧП[xxii]:</th></tr>
<tr><td>Петровска против РМ (73759/14)</td><td>Рамковски против РМ (33566/11)</td></tr>
<tr><td>Асани против РМ (27962/10)</td><td>Селами и други против РМ (78241/13)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во предметот Петровска против РМ, констатирана е повреда на правото на правична судска постапка, согласно член 6 став 1 од ЕКЧП. Во предметот Асани против РМ, констатирана е повреда на член 6 став 1 и 3 (г), согласно ЕКЧП. Во предметот Рамковски против РМ констатирана е повреда на правото на слобода и безбедност, согласно со член 5, став 3 од ЕКЧП и повреда на правото на правична судска постапка, согласно со член 6, став 2 од ЕКЧП. Во предметот Селами и други против РМ констатирана е повреда на правото на забрана на мачење, согласно со член 3 од ЕКЧП и повреда на право на слобода и безбедност, согласно со член 5, став 5 од ЕКЧП.</td></tr>
</table>

| |
|---|
| **Доставени се два акциони извештаи до Комитетот на министри** од страна на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП: **Селмани и други против РМ** (67259/14) и **Случај Центар за развој на аналитичка психологија** (29545/10), при што двата предмети се водечки предмети.[xxiii]<br><br>Во периодот од јануари до март 2018 година не е променет статусот на предметите кои се под зајакнат надзор од Комитетот на министри, при што нема предмети кои преминале од стандарден во зајакнат надзор, ниту предмети кои преминале од зајакнат во стандарден надзор. Предмети кои се **под зајакнат надзор** се предметите **Ел Масри против РМ** (39630/09) и **Хајрилаху против РМ** (37537/07).<br><br>Надзорот над извршувањето од Комитетот на министри завршува со донесувањето на финалната резолуција, кога една држава ги презела сите мерки за отстранување на повредата. |

| **Донесени се четири финални резолуции од Комитетот на министри, за предмети во кои била констатирана повреда на правата загарантирани со ЕКЧП[xxiv].** | |
|---|---|
| Наумовски против РМ (25248/05) | Митрески против РМ (11621/09) |
| Јашар (69908/01), Џеладинов и други (13252/02), Сулејманов (69875/01) и Трајкоски (13191/02) против РМ. | Петкоски и други против РМ (27736/03) |

**На 28.3.2018 година одржана е 14-та Седница на меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, прва седница во текот на 2018 година.**

На 28 март 2018 година, **Министерот за надворешни работи Никола Димитров, преку официјално писмо, се извини, во име на РМ, за случајот Ел Масри против РМ** (38630/09), по изминати шест години од пресудата од ЕСЧП. Во писмото се изразува "искрено извинување и безрезервно жалење" поради несоодветното однесување од македонските власти.[xxv] На состанокот што треба да се одржи во јуни 2018 година од Комитетот на министри, ќе се увиди дали предметот ќе биде затворен или ќе се наложат дополнителни мерки кои државата треба да ги преземе во однос на овој предмет.

Во предметот **Китановски против РМ** (15191/12), како водечки предмет, постигнат е напредок во воспоставувањето надворешен независен механизам за надзор на работата на полицијата, имајќи го предвид фактот дека пакетот за законски измени за воспоставување на овој механизам е усвоен од Владата на РМ. Бирото за застапување е во фаза на анализа на прибавените информации од надлежни институции, со цел подготовка на ревидиран акционен план во однос на овој предмет. [xxvi]

| |
|---|
| **Постапување по препораките дадени на 13-та Седница на меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, од страна на надлежните органи.[xxvii]** |

За предметот **Митови против РМ** (53565/16), Министерството за труд и социјална политика и ЈУ МЦСР Скопје имаат доставено известувања за преземените/планираните мерки и отстранување на повредите на правата на жалитетлите во насока на извршување на пресудата од ЕСЧП.

Единствено Апелацискиот суд Битола има доставено предлози за практични решенија кои ќе ги санираат состојбите настанати по неуспешиот обид за повторување на постапката за предметот **Миткова против РМ** (48386/09). Дополнително, Бирото за застапување прави дополнителни анализи кога проблемот со повторување на постапките по пресуда/одлука на ЕСЧП се планира да се претресе вон и во конктекст на извршување на предметната пресуда.

Од страна на Управен суд на РМ, за предметот **Петар Карајанов** (2229/15), беше повторена постапката по пресудата од ЕСЧП на 14.3.2018 година.[xxviii]

За предметот **Селмани против РМ** (67259/14), Уставниот суд има подготвено анализа за причините поради кои ЕСЧП констатираше повреда на член 6 и членот 10 од ЕКЧП. Исто така, има доставено предлог-мерки за извршување на пресудата на ЕСЧП до Меѓуресорската комсија. Во предлог-мерките Уставниот суд има наведено дека, во иднина, ќе настојува, во случаите кога повредата на слободите и правата е резултат на дејствие на јавен орган, по што барателот директно се обраќа пред Уставниот суд, да одлучува врз основа на одржана усна расправа, во присуство на странките. Доколку Уставиот суд одлучи да нема јавна расправа, во решението треба да се даде образложение од кои причини

донел таква одлука. Во однос на повредата на правото на слободата на изразување, Уставниот суд ќе има континуирани обуки, со цел зголемување на капацитетите на Уставниот суд.[xxix]

Овие информации се доставени до Комитетот на министри во Акцискиот извештај.[xxx]

Имајќи предвид дека препораките за доставување информации до Меѓуресорската комисија, преку Бирото за застапување, се извршени од некои надлежни органи, може да се увиди значењето на редовното одржување на состаноци од Меѓуресорската комисија, при што Бирото за застапување е во континурана комуникација со соодветни и надлежни институции. За таа цел, потребна е континуирана и навремена комуникација помеѓу институциите, Бирото за застапување и Меѓуресорската комисија, сè со цел отстранување на повредите на правата загарантирани со ЕКЧП и спречување настанување на повторувачки случаи.

---

i. Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017 – 2022 г. со акциски план, стр.15. Согласно со Акцискиот план оваа анализа треба да биде изработена во текот на април 2018 година.

ii. Ибид. стр.15

iii. Предлог-законот е достапен на https://goo.gl/yWgnoE

iv. Акцискиот план е достапен на https://goo.gl/g9J6Jr

v. Предложените измени од ИЧП и ЕПИ беа доставени до Министерство за правда и истите беа прифатени.

vi. Акцискиот план е достапен на https://goo.gl/g9J6Jr

vii. Интервју со претставник на АСЈО, 11.1.2018 г.

viii. Правилникот за измена на правилникот за почетна обука е достапен на https://goo.gl/tBmuZY

ix. Правилникот за измена на Правилникот за почетна обука е достапен на https://goo.gl/yi4AGQ

x. Резултатите се достапни на http://www.jpacademy.gov.mk/upload/Pocetna%202016-2017/Rank%20lista.pdf

xi. На анкетата одговорија 82 учесници на континуираните обуки на АСЈО, 28 предавачи и 19 слушатели на почетна обука во АСЈО. Целосните резултати од анкетата се во Прилог 1 на овој мониторинг извештај.

xii. За подетални информации види во Прилог 1 кон овој извештај.

xiii. На прашалникот одговорија судии, јавни обвинители, судски и јавно-обвинителски соработници, референти, сметководители, информатичари.

xiv. Дневниот ред е достапен на http://www.vlada.mk/sednica/57

xv. Во тек на периодот јануари – март 2018 г. Основниот суд Скопје 1 има објавено вкупно 63 одлуки, за разлика од претходниот квартал, кога имаше објавено само 18 одлуки. Основниот суд Скопје 2 има објавено 339 одлуки, за разлика од претходниот квартал, кога имаше објавено вкупно 193 одлуки.

xvi. Согласно со Извештајот за работата на судовите, од четвртиот квартал за 2017 година, Основниот суд Скопје 1 Скопје има вкупно 50 458 предмети во работа, додека Основниот суд Скопје II има вкупно 23 135 предмети во работа.

xvii. 55-та Седница на Влада на РМ, дневен ред достапен на http://vlada.mk/node/14117

xviii. Акцискиот план е достапен на https://goo.gl/g9J6Jr

xix. http://www.jpacademy.gov.mk/novosti/-a-a--a-a----a----------

xx. Податоците се добиени по одговори на доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до насловните судови: Основен суд Скопје 2 Скопје-бр.I 0306-361, Основен суд Битола-бр.I 0306 -358, Основен суд Скопје 1 Скопје- бр.I 0306-306, Основен суд Гостивар- бр.I 0306-359, Основен суд Куманово- бр.I 0306-355. Исто така, беше доставено и барање за слободен пристап на информации од јавен карактер бр.I 0306-365 и барање бр.I 0306-364 до Управен суд на РМ, на кои до 3.5.2018 г. немаме добиено одговор.

xxi. Податоците се добиени од одговор бр. 17/2018 г. од Врховен суд на РМ, по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.I 0306-357.

xxii. https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22],%22kpdate%22:[%222018-01-01T00:00:00.0Z%22,%222018-03-31T00:00:00.0Z%22]}

xxiii. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22acp%22,%22acr%22],%22EXECPublishedDate%22:[%222018-01-01T00:00:00.0Z%22,%222018-03-31T00:00:00.0Z%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22]}

xxiv. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22res%22],%22EXECPublishedDate%22:[%222018-01-01T00:00:00.0Z%22,%222018-03-31T00:00:00.0Z%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22]}

xxv. https://novatv.mk/dimitrov-vo-ime-na-makedonija-se-izvini-za-sluchajot-el-masri/

xxvi. Податоците се добиени од одговор бр.0306-139/2 од Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП, по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.I 0306-356.

xxvii. Дополнително, беше доставено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.I 0306-363, во однос на предметите Попоски и Дума против РМ (А.бр. 69916/10 и А.бр. 36531/11), Јакшовски и Трифуновски пртив РМ (А.бр. 56381/09 и А.бр. 58738/07) и Геровска Попчевска против РМ (А.бр. 48783/07) и Митриновски против РМ (А.бр. 6899/12), на кои до 3.5.2018 година немаме добиено одговор.

xxviii. Податоците се добиени од одговор бр.0306-139/2 од Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП, по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.I 0306-356.

xxix. Податоците се добиени од одговор бр.10/2018 од Уставен суд на РМ, по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.I 0306-366.

xxx. http://hudoc.exec.coe.int/eng#{%22EXECDocumentTypeCollection%22:[%22acr%22],%22EXECPublishedDate%22:[%222018-01-01T00:00:00.0Z%22,%222018-03-31T00:00:00.0Z%22],%22EXECLanguage%22:[%22ENG%22],%22EXECState%22:[%22MKD%22],%22EXECIdentifier%22:[%22DH-DD(2018)133E%22]}